## *Правила за користење на Интернет во читалната на УТМС*

1. Интернет во читалната користат исклучиво студентите и вработени на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Интернет може да користат и други лица ангажирани на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, со посебна дозвола од одговорните лица.

Одговорните лица претставуваат: Ректорот, Генералниот Секретар и Деканите на Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје.

Сите наведени корисници имаат право да користат интернет во читалната под еднакви услови.

2. Корисникот на Интернет пристап во читалната се обврзува да:

- преземе целосна морална, правна и кривична одговорност за активностите спроведени од својата корисничка сметка,
- услугите дадени за користење, да не ги користи спротивно на Кодексот на однесување во библиотека и на Иинтернет,
- ги почитува правата на другите корисници,
- го ограничи своето време за користење и отстапи место на друг кој чека подолго време,
- го почитува правилото и во Интернет читалната да не внесува храна и пијалаци,
- го почитува редот и тишина.

За работата и редот во читалната на библиотеката одговорен е библиотекарот кој за библиотечните материјали кои се користат во читалната води електронска евиденција.

Читална е отворен секој работен ден од 09:00 до 17:00 часот.

За библиотечните материјали кои се користат во читалната се води електронска евиденција од страна на библиотекарот.

Редовни членови на библиотеката се сите студенти на додипломски и последипломски студии, како и сите вработени на Универзитетот.

Сите останати корисници на библиотеката имаат статус на привремени членови.

Сите корисници имаат обврска да ги почитуваат правилата на библиотеката.

Работно време за корисниците е од понеделник до петок, од 9:00 до 17:00 часот.

Библиотекар:

М-р Јулијана Петровска
адреса: „Партизански одреди'' 99
тел: ++389 02 30 93 212
моб.тел. : 072 254 196

e-mail: j.petrovska@utms.edu.mk